РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка
Бр: 08-54/1
17-01-2024 20 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за упатување на питомци од Воената академија во Скопје на „8-та Интернационална питомечка недела" на Националната одбранбена академија во Гори, Република Грузија*

**Огласот е објавен на ден: 22.01.2024 година**
**Огласот трае: 5 (пет) работни дена започнувајќи од 22.01.2024 година до 26.01.2024 година**

Во рамките на Програмата за билатерална соработка со Република Грузија и добиената покана од Националната одбранбена академија во Гори, Република Грузија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, на ден 22.01.2024 година го објавува ОГЛАСОТ за упатување на 2 (два) студенти-питомци

„8-та Интернационална питомечка недела" на Националната одбранбена академија во Гори, Република Грузија вклучува разни академски, воени, културни и спортски активност. Основната цел на наведената соработка е да промовира добра волја и да ги зацврстува партнерствата помеѓу Воените академии.

На огласот можат да се пријават студенти-питомци на Воената академија од втора, трета и четврта година на прв циклус студии кои студираат во академската 2023/2024 година, кои ги имаат положено сите испити заклучно со непарните семестри во учебната 2023/2024 година и кои ги исполнуваат критериумите наведени во огласот.

- Временски период за реализација на **„8-та Интернационална питомечка недела"** за **студенти-питомци: од 14.04.2024 до 20.04.2024 година (првиот и последниот ден се датуми за патување).**

Сите трошоци поврзани со наведената активност ќе бидат покриени од страна на Министерството за одбрана на РСМ и Националната одбранбена академија во Гори, Република Грузија, во согласност со билатералната соработка меѓу двете земји.

**Пријавата за учество на студентите-питомци треба да содржи:**
1. Пријава по оглас пополнета од кандидатот
2. Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
3. Препис од оценките за положени испити
4. Копија од важечка патна исправа (пасош)

Рангирањето на кандидатите ќе се изврши по следните критериуми:

- Постигнат успех (50 поени)
- Постигнатиот успех на последниот испит по англиски јазик (20 поени)
- Резултати од интервју (20 поени)
- Мислење од ЦОП (10 поени)

Пријавата да се достават преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Продекан за ФИМС на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

ДЕКАН
полковник
д-р Митко Богданоски, редовен професор